РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет Св.Климент Охридски-Битола
Технолошко-технички факултет-Велес
Бр.03/3561
11.06 20 13 год.
Велес

Технолошко – технички факултет Велес
Faculty of Technology and Technical Sciences Veles

Друштво за производство, трговија и услуги
МАВРОВО Ј-Т ДОО увоз-извоз
Бр. 0227/13
10.06 20 13 год.
СКОПЈЕ

Улица:„Петре Прличков" 42, 1400 Велес
Address: "Petre Prličkov" 42, Veles, 1400
E-mail: ttfv@uklo.edu.mk

Факс(Fax): +389 (0)43 211-204
Тел.(Phone): +389 (0)43 211-202
Тел.(Phone): +389 (0)43 211-203

# ДОГОВОР ЗА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА

Склучен на ден 10.06.2013 година помеѓу:
**1.Технолошко-технички факултет Велес**, со седиште на ул.„Петре Прличков" бр.42 Велес, претставуван од Деканот доц. д-р Валентина Павлова и
**2. Ј-Т ``Маврово``ДООЕЛ од Скопје-Подружница ``Млекара Маврово``**, со седиште во с.Ижиште – Македонски Брод претставувана од Директорот Урош Николоски

**Член 1**

Предмет на овој Договор е уредување на меѓусебната соработка помеѓу Технолошко-техничкиот факултет Велес и Млекара Маврово-с.Ижиште, за начинот на изведување на практични вежби, студентска пракса и изработка на дипломски работи на студентите од I (прв) циклус студии, а согласно предвидените наставни програми.

**Член 2**

Договарачот Млекара Маврово се обврзува за потребите на студентите од I (прв) циклус студии на Технолошко-техничкиот факултет Велес-дисперзирани студии Кичево, да овозможи изведување на практични вежби, студентска пракса и изработка на дипломски работи, во нивни соодветни простории, апаратура и други работи кои се неопходни за стручно и квалитетно изведување на споменатите активности на студентите.

**Член 3**

Договарачот Технолошко-технички факултет Велес, се обврзува за потребите на своите студенти од I (прв) циклус студии, за изведување на практични вежби, студентска пракса и изработка на дипломски работи, навремено да го известува договарачот Млекара Маврово с.Ижиште.

**Член 4**

Договарачот Технолошко-технички факултет Велес, се обврзува наместо финансиски надомест за дадените услуги, да го објави логото на договарачот Млекара Маврово на web страната на факултетот.

**Член 5**

Овој Договор за меѓусебна соработка се склучува на неопределено време, со можност било која договорна страна да го раскине со отказен рок од 30 дена.

**Член 6**

Овој Договор за меѓусебна соработка е склучен во 4 (четири) истоветни примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

**Договорни страни**

**Технолошко-технички факултет Велес** J-TМавровоМлекара Маврово с.Ижиште

**Декан** Директор

**Доц. д-р Валентина Павлова** Урош Николовски